**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-140/3**
**22.08.2024 година**
**Тетово**

# РЦСОО„Моша Пијаде “ - Тетово

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | РЦСОО„Моша Пијаде “ - Тетово |
| **Датум на интегрална евалуација:** | На 17.04.2024 година ,18.04.2024 год и 19.04.2024 година |
| **Број на извештај:** | 4/Полошки регион/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Климентина Трпчевска |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Тетово |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 775 |
| **Полова структура на ученици:** | 726 машки, 49 женски |
| **Број на наставници:** | 137 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Агрон Заити |
| **Директор на училиштето:** | Димитрија Апостоловски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11-15 февруари 2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул. „Илинденска “ бр 301 - Тетово |
| **Телефон:** | 044 330 494 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ssoumpte@gmail.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар (2,51) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 17.04.2024 година до 19.04.2024 година, тим од tri државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на РЦСОО„Моша Пијаде “ – Тетово.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето. При спроведување на тридневната интегрална евалуација се вреднуваше квалитетот и ефективноста на воспитно –образованиот процес, примената на законските и подзаконските прописи и други акти во училиштето. Исто така, при реализаиција на фазата за имплементација, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Совет на родители, со Ученичката заедница, разговори со група на ученици и наставници по стручни активи и со дел од членовите на тимовите кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето, и прегледана е педагошката евиденција и документација што се води во училиштето.

Во училиштето реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите во согласност со донесените програмски документи изготвени од Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем во согласност со Календарот за организација и работата на јавните средни училишта донесен од Министерот за образование и наука. Според наставниот план наставниците во училиште изведуваат настава по општо образовни предмети (заеднички предмети и предмети во фукција на струките), стручни предмети, практична настава, додатна настава, консултативна настава (овој вид настава се користи со вонредните ученици) и феријална пракса според наставниот план. Постапката за определување на изборните предмети се почитува. Изборот на наставните предмети од листата на изборни предмети од соодветниот наставен план го вршат учениците преку анкетирање.

Во учебната 2020/21 година во училиштето е воведено дуално образование Училиштето има формирано инклузивен тим со одлука бр. 02-559/2 од 31.08.2023 година и истиот има креирано програма за работа, како и формирани инклузивни тимови за секој ученик поединечно . Поради спецификите на образовните профили кои се изучуваат во редовната настава има вклучено седум (7) ученици со посебни образовни потреби со издаден наод и мислење од надлежна институција. Идентификувани се повеќе ученици кои имаат потешкотии во учењето. РЦСОО„Моша Пијаде “-Тетовор прибира и користи податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети на ниво на училиште. Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб „ Моша Пијаде “Тетово и понекогаш учествува на спортски натпревари на натпревари во фудбал , кошарака и ракомет.

Од анализа на средниот успех на учениците постигнати во изминатите три години забележуваме дека општиот успех е добар. Се забележува мало покачување на успехот на учениците од година во година, што се должи на атрактивните струки во училиштето а со тоа запишување и на посолидни ученици. Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето има пропишани процедури за подршка и следење на планирањата за настава од страна на директорот и стручните соработници. Дел од наставници во соработка со стручната служба предлагаат мерки за подобрување на успехот преку реализација на

дополнителна настава. Дополнителната настава не се реализира во потребниот обем, а додатната настава се реализира по потреба а најчесто поред натпревари и други манифестации. Во училиштето за учениците со посебни образовни потреби има изработено ИОП програма а само еден ученик е со образовен асистент кој е доделен од Општина Тетово во соработка со UNDP во рамнките на проектот ,,Подршка на ранливите категории “ Во рамки на инклузивните тимови вклучен е специјален едукатор и рехабилитатор кој е вработен во училиштето.

Планирањата на наставниците ги содржаат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, со посебен акцент на реализација на часот од практичната настава. Најголемиот број на наставници користат разновидни форми и методи во наставата,што соодвествуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.Најголемиот број на наставници користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Сите наставници се обучени за употреба на ИКТ и за новите образовни технологии во наставата и поголемиот дел на наставници ги употребуваат за реализација на наставните планирања Најголем број на наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи.

Поголемиот број на наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи доколку има таква појава. Во наставните часови наставниците користат соодветни форми и методи кои ја зголемува активноста и интересот на учениците за време на часот. Застапена интеракцијата на релација наставник-ученик и интеракцијата ученик-ученик.Практичната обука се реализира во добро опремени училишни кабинети и во реални работни услови во компании кои имаат потреба од стручни кадри кои се произлегуваат од обрзовните профили кои се реализираат во ова училиште.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени. Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување. Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет. Родителите се информираат за постигнувањата на своите деца преку организирани формални и неформални и индивидуални родителски средби. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните згради и во училишниот двор. Инфраструктурата на училишниот простор, вклучувајќи ги и кабинетите за изведување на практична настава се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.Во училиштето има пишани документи односно има Куќен ред и Кодекс на однесување за сите структури во училиштето во кои се дефинирани сите облици на однесување, и истите се истакнати на соодветни местаУчилиштето има осигурителни полиси за осигурување за објектот ,за осигурување за учениците и осигурителни полиси за осигурување за вработените За безбедноста на учениците во училиштето се грижат дежурни наставници и има поставено видео надзор . За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации, како и план за евакуација, и нема изведено симулации за постапување во случај на елементарна непогода –земјотрес. .

Училиштето има училишна кујна,и истата е контролирана од санитарна испекција . Дел од учениците се хранат и од околните објекти за исхрана, но вработените од училиштето немаат увид во квалитетот на оваа храна што им се нуди на учениците.
Хигиената во училиштето се одржува на добро ниво. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по завршување на секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, редовно се одржува и хортикултурно и естетски е уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.Во однос на професионална ориентација на учениците, училиштето има изготвена програма, а стручните соработници и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот за понатамошно образование но и за можноста нивно вработување. Во соработка со високообразовните институции, во училиштето се изведуваат презентации, или пак се поканувaат на отворените денови кои ги организираат факултетите. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции.

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици во пропишана соодветна документација. Постои добра соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.Училиштето е препознатливо во средината и се истакнува според работењето и постигнувањата на учениците во повеќе области.Вработените и учениците се залагаат за негување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција, покажуваат почит кон различните култури и традиции, придонесуваат за родовата еднаквост, и поттикнуваат активности од мултиетнички карактер. Наставниците правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Наставниците и учениците се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него. Поголем дел од наставниот кадар ужива почит кај родителите. Училишната клима е добра, а кај вработените постои добар професионален однос со меѓусебна почит и добра соработка. Рамноправно се третират сите структури, што особено влијае на добрата работна атмосфера. Постои взаемна соработка и заедничка работа на наставниците во активите и добра соработка со стручна служба.

Исто така, учениците се вклучени во реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието ( МИО )кој во училиштето се реализираше од 2013 год со пет партнер училиштета и тоа : СОУ,,Димитар Влахов“ Струмица, СОУ,,Ѓорѓи Наумов“ Битола , СОУ,,Кузман Шапкарев “ Битола, СОУ,,Кочо Рацин “ Свети Николе, Гимназија ,,Наум Наумовски-Борче“ Крушево. Секоја година училиштето учествува на образовно рандеву МАССУМ ,на ликовни и литературни активности ,хуманитарни активности ,спортски активности ,посети на културно-историски обележаји објекти со групи на ученици во мешан етнички состав.

Потребите од наставни средства и материјали секоја учебна година училиштето ги идентификува и има податоци за нивната редовна набавка и употреба. Се констатира дека по сите наставни предмети снабдувањето на учениците со учебници не задоволуваа.За одредени наставни предмети сеуште не се издадени учебници.

Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за реализација на теоретска, практична настава, вклучувајќи ги и стручните соработници на училиштето. Наставниот кадар во најголем дел е соодветен и оспособен за работа и е целосно подпомогнат од страна на административно-техничкиот и помошниот персонал на училиштето. Констатирано е дека во последните 3 години интензитетот на посетените обуки од страна на наставниците е во пораст.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за состојбата со училишниот буџет и неговото наменско трошење. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на училишен одбор.Работата на училишниот одбор е транспарентна. Членовите на училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето. Соработката со директорот е добра.Директорот на училиштето е именуван по спроведна законска процедура. Директорот на училиштето ја планира, следи и унапредува работата на училиштето преку транспарентно тимско работење и распоредување на одговорностите на сите субјекти во училиштето. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на наставниот процес и условите за работа, одржување на позитивна климата во училиштето и афирмирање на училиштето.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со деловоден број 02-552/1 од 11.12.2020 година, одобрен од страна на Министерството за образование и наука. Училиштето има изготвено Самоевалуација со деловоден број 02-359/6 од 05.05.2023 година и Развојна програма за работа со деловоден број 02-775/2 од 14.12.2023 година. За учебната 2023/2024 година, училиштето има донесено Годишна програма за работа со деловоден број 02-543/3 од 23.08.2023 година и истате е навремено доставена до МОН. Училиштето има изготвено годишен извештај за работата за учебната 2022/2023 година со деловоден број 02-543/2 од 23.08.2023 година.

Од увидот во целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на спроведување на интегралната евалуација во училиштето, како и од разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во РЦСОО„Моша Пијаде “ - Тетово се оценува со **добар (2,51)[1].**

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

## Карактеристики на училиштето

РЦСОО„Моша Пијаде " - Тетово е државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука "Моша Пијаде" које се наоѓа на излез од градот Тетово на пат кон Гостивар на улица „Илинденска " број 301 општина Тетово .Со оглед на тоа дека училиштето е оддалечено од Центарот на градот пристапот до него е овозможен со организиран бесплатен превоз на учениците . Училиштето е основано во 1945 од страна на Собрание на општина Тетово, но историјатот на училиштето датира уште од 1928 година како Ниже земјоделски училиште до 1960 кога прераснува во Средно земјоделско училиште"Моша Пијаде" ,додека како Училишен центар почнува да функционира во 1973 год. и поради се поголемиот број на ученици во 1983 год е изградена и нова училишна зграда. Од јануари 2020 год училиштето прераснува во Регионален центар за стручно образование и обука како еден од трите Регионални центри од државата и истиот опфаќа две училишни згради и 8 хектари земјиште во чии рамки влегуваат :училишна економија,свињарска и краварска фарма ,мини маркет и спортски игралишта. Во училиштето за учебната 2023/24 год за учениците од I до IV год. се застапени следниве образовни профили : ( IV степен- Машинска струка/сектор во образовниот профилили: Техничар за производно машинство, Машински техничар за моторни возила ,Машински техничар,Техничар за компјутерско управување,) ( III степен-Машинска струка/сектор во образовните профили: Инсталатор за греење и климатизација и Автомеханичар . ( IV степен- Угостителско –Туристичка струка/сектор во следниот образовен профил : Хотелско – туристички техничар ) ( III степен-Угоститеслко –туристичка струка/сектор во образовниот профил:Готваш ) ( IV степен- Електротехничка струка/сектор во следните образовни профили: Електротехничар-компјутерска техника и автоматика, , Електротехничар– енергетичар, (III степен-, Електротехничка струка/сектор во следниот образове профил:Електричар ) .

Училиштето е запишано во Централен регистар со број 0805-50/150020240003585 од 04.01.2024 година со даночен број: 4028974105779 , матичен број: 4035151 и Жиро сметка: 160010735878727.Во училиштето, наставата се изведува во две наставни смени во двете училишни згради .Во рамки на училишниот простор има 6 надворешни спортски терени и фискултурна сала. Наставата во училиштето се изведува на два наставни јазици: македонски и албански Во учебната 2023/2024 година, наставата ја следат вкупно 775 ученици од кои 726 машки и 46 женски, распоредени во 74 паралелки од кои 27 на македонски наставен јазик, и 47 паралелки на албански наставен јазик .

Наставата во училиштето ја реализираат 137 наставници од кои 99 наставници имаат високо образование, 12 наставници имаат завршени мастер студии , 10 наставници имаат несоодветно образование и 1 наставник е со друго образование и 15 наставници се со вишо образование. На неопределено работно време се 111 наставници и 26 наставници на определено работно време. Според полот 80 се жени и 57 се мажи, а според етничката припадност 52 се македонци и 85 наставници се албанци Според работниот стаж во воспитно образовни установи 43 наставници се до 10 години работен стаж, 44 наставници се со стаж од 11-20 години, 41 наставници се со работен стаж од 21-30 година, а 9 наставници имаат работен стаж повеќе од 31 година. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат стручни соработници вработени во училиштето односно педагог , психолог, социолог и специјален едукатор и рехабилитатор, Во училиштето нема вработено библиотекар,но еден наставник од албанска настава е задолжен со пола работно место –библотекар а сите десет наставници што го предаваат предметот македонски јазик и литература се задолжени по 1 час во библиотеката..

Наставата се изведува во 42 училници .Училиштето располага со вкупно 10 кабинети ,2 лабаратории, 18 работилници ,1 библиотека со читална 1 сала за свечаности 1 стакленик за цвеќара но истиот не е во употреба.Покрај наведените простории за

изведување на наставата во училиштето, постојат и дополнители простории: 7 канцеларии во старата зграда и 5 канцеларии во новата зграда и други помошни простории со кои располага како скривница ,котлара и подрумски простории.
Училиштето има и сопствени извори на приходи.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во РЦСОО„Моша Пијаде “-Тетовор, се реализира во согласност со донесените програмски документи изготвени од Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Во учебната 2023/2024 год. се реализираат наставни планови и програми за стручно образование и тоа: ( IV степен- Машинска струка/сектор во образовниот профилили: Техничар за производно машинство, Машински техничар за моторни возила ,Машински техничар,Техничар за компјутерско управување,) ( III степен-Машинска струка/сектор во образовните профили: Инсталатор за греење и климатизација и Автомеханичар . ( IV степен- Угостителско –Туристичка струка/сектор во следниот образовен профил : Хотелско – туристички техничар ) ( III степен-Угоститеслко –туристичка струка/сектор во образовниот профил:Готваш ) ( IV степен- Електротехничка струка/сектор во следните образовни профили: Електротехничар-компјутерска техника и автоматика, , Електротехничар– енергетичар, (III степен-, Електротехничка струка/сектор во следниот образове профил:Електричар ) .

Според наставниот план наставниците во училиште изведуваат настава по општо образовни предмети (заеднички предмети и предмети во фукција на струките), стручни предмети, практична настава, додатна настава, консултативна настава (овој вид настава се користи со вонредните ученици) и феријална пракса според наставниот план. За овој вид настава училиштето има склучен меморандум за соработка со приватните компани во Општина Тетово ,Општина Брвеница и Општина Желино.

Наставните планови и програми се достапни за сите наставници во училиштето . Училиштето во својата архива ги има сите наставни планови и програми за сите предмети дел од истите се наоѓаат и кај наставниците .

За реализација на практичната настава училиштето е обезбедено со кабиниети за сите струки и образовни профили и истите се опремени со наставни средства и помагала. Училиштето има склучено меморандуми за соработка со компании од полошкиот регион за реализирање на практична работа кај работодавач односно во реална компанија.Покрај редовното образование ,училиштето дава можност и за вонредно образование и дообразование. Во учебната 2020/21 година во училиштето е воведено дуално образование.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства да ги информира членовите на советот на родителите, останатите родители како и сите кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето.Училиштето има изготвено брошура за претставување на својата работа, а најчесто преку својата веб страница ги запознава учениците и родителите со применуваните наставни планови и програми.

Поради спецификите на образовните профили кои се изучуваат во редовната настава има вклучено седум (7) ученици со посебни образовни потреби со издаден наод и мислење од надлежна институција. Идентификувани се повеќе ученици кои имаат потешкотии во учењето.

Училиштето има формирано инклузивен тим со одлука бр. 02-559/2 од 31.08.2023 година и истиот има креирано програма за работа, како и формирани инклузивни тимови за секој ученик поединечно .

Постапката за определување на изборните предмети се почитува. Изборот на наставните предмети од листата на изборни предмети од соодветниот наставен план го вршат учениците преку анкетирање.

Во учебната 2021/2022 , 2022/2023 како и 2023/2024 година ( до денот на ИЕ ) се реализирани слободни часови /проектни активности со истакнат распоред за истите .

Училиштето има изготвено план на активности со поставени цели за реализација на еколошките проекти со вклученост на точките од акции од воспоставените еко стандарди. Планот на активности е во согласност со состојбата и структурата на училиштето со цел постигање конкретни резултатити во текот на целата учебна година. Училиштето интегрира содржини од еколошката програма во планирањата на наставата кои ги вметнува секој наставник во соодветна наставна единица од својот предмет и се реализираат во текот на наставната година на редовните часови.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето понекогаш прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебниците, наставните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Со цел негување на мултикутурализмот постојат примери за оранизирање заеднички активности во рамки на училиштето, во кои се вклучени ученици од мешани етнички групи. Кај поголем број на наставни предмети интегрирани се содржини за негување на мултикултурализмот и почитување на различностите, преку реализација на еко-акции, ликовни и литературни активности, хуманитарни активности , спортски активности, посета на културно историски обележја, објекти , работилници на различни теми.Партнерски училишта со склучени меморандуми од проектот меѓуетничка интеграција има склучено со СОУ,,Димитар Влахов“ Струмица, СОУ,,Ѓорѓи Наумов“ Битола , СОУ,,Кузман Шапкарев “ Битола, СОУ,,Кочо Рацин “ Свети Николе, Гимназија ,,Наум Наумовски-Борче“ Крушево .

Постојат повеќе добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина и бизнис секторот. Во процесот на планирање на наставата како и при нејзината реализација наставниците ги интегрираат специфичностите на локалната и пошироката средина. Наставниците по некои предмети ги прилагодуваат програмите со содржини според нивните потреби (при реализација на практична обука, проекти и други значајни датуми, прослави и манифестации).

Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел сите наставници следат обуки за стручно усовршување. Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување ги следи стручната служба. Реализираните обуки се евидентираат во педагошки картони на сите наставниците.

Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и програми. Меѓупредметните цели како што се: развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитување на различноста и основните човекови права како и свест за припадност на својата земја се интегрирани во рамки на програмите кои се реализираат и тоа во повеќе предмети. Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми. Кај поголемиот дел од наставниот кадар и од претставниците на родителите преовладува мислењето дека дел од постојните наставни планови и програми се преобемни, а кај поедини предмети дел од наставните содржини не соодветствуваат за возраста на учениците или содржат застарени податоци и информации. Во училиштето е дискутирано за потребата од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање

## 1.3 Вонннаставни активности

Во училиштето се планираат и се реализираат голем број вонннаставни ученички активности за стекнување знаења, развивање вештини, креативност, меѓуетничка интеграција и афирмација на постигањата на учениците. Во овие активности учениците учествуваат по свој слободен избор и при вклучување на учениците во активностите постои родова, етничка и социјална рамноправност. Секој наставник кој реализира вонннаставни активности има соодветна програма за работа. Слободните активности се застапени во голема мера преку секциите во училиштето кои се поделени во повеќе области и тоа литературна, драмска, еколошка, информатичка, спортски секции, технички секции и културно уметнички секции.

Училиштето за афирмирање на вонннаставните активности учествува на манифестации, настапи и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција. Учениците со своето учество во слободните ученички активности, како и учество на најразлични манифестации, конкурси, натпревари и други вонннаставни активности, вршат афирмација на своите постигнувања и афирмирација на училиштето во целина. Во последните три учебни години училиштето реализирало натпревари помеѓу учениците во самото училиште, учествувале на натпревари од различни области што се организираат локално и на државно ниво. Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб „ Моша Пијаде " Тетово и понекогаш учествува на спортски натпревари на натпревари во фудбал кошарака и ракомет.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Во планирањето и подготовката на ученичките екскурзии активно се вклучени и родителите но во 2020/2021 како 2021/2022 години тие не се одржуваат поради протоколите за справување со Ковид пандемијата.Во учебната 2022/2023 година се реализирани еднодневи и завршни ескурзии кои биле планирани според планот и програмата за ескурзии

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

РЦСОО„Моша Пијаде “-Тетовор прибира и користи податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети на ниво на училиште. Секој класен раководител изготвува преглед на тримесечие за успехот во класот преку кој се идентификуваат ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето има 7 ученици со посебни образовни потреби а има и индентификувани ученици без наод но не е прецизиран нивниот број . Постигањата на учениците редовно се следат, анализираат на наставничките и класните совети и се преземаат мерки и активности за нивно подобрување.

Од анализа на средниот успех на учениците постигнати во изминатите три години забележуваме дека општиот успех е добар. Општиот успех на постигањата на учениците, во изминатите три учебни години е следен: за учебна 2020/2021 година, средниот успех на учениците е 3,15, за учебната 2021/22година средниот успех на учениците е 3,23 и за учебна 2022/23 година средниот успех на учениците е 3,32. Согласно наведеното, се забележува мало покачување на успехот на учениците од година во година, што се должи на атрактивните струки во училиштето а со тоа запишување и на посолидни ученици.

Бројот на изостаноци по години на ниво на училиште е следен: во 2020/2021 година има 230 изостаноци од кои 165 оправдани и 73 неоправдани, во 2021/2022 година има 13976 изостаноци од кои 10684 оправдани и 3292 неоправдани , а во 2022/2023 година има 18087 изостаноци од кои 13268 оправдани и 4819 неоправдани. Од споредбената анализа може да се констатира дека многу малку изостаноци во учебната 2020/21 година што се должи на он-лајн наставата поради Ковид пандемијата а во наредните две години2021/2022 и 2022/2023 нивно драстично зголемување

Дел од наставници во текот на редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето им обезбедуваат поддршка, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Дел од наставници во соработка со стручната служба предлагаат мерки за подобрување на успехот преку реализација на дополнителна настава. Дополнителната настава не се реализира во потребниот обем, а додатната настава се реализира по потреба а најчесто пред натпревари и други манифестации. Во училиштето има 7 ( седум )со посебни образовни потреби, за секој од нив има изработено ИОП програма и училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик посебно а само еден ученик е со образовен асистент кој е доделен од Општина Тетово во соработка со UNDP во рамнките на проектот ,,Подршка на ранливите категории “ Во рамки на инклузивните тимови вклучен е специјален едукатор и рехабилитатор кој е вработен во училиштето.

Училиштето нема пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците и има мал број ученици кои преминале од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка. Стручната служба од училиштето изготвува прегледи кои ги испраќа до основните училишта од каде што доаѓаат учениците во РЦСОО,,Моша Пијаде“ Тетово.

Училиштето организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во партнерство со училиште од друг наставен јазик и тоа со СОТУ „Ѓорѓи Наумов” - Битола, СОУ „Никола Карев” - Струмица и СОУ „Наум Наумоски Борче”- Крушево и со сите училишта има склучени меморандуми за соработка. Заеднички активности се реализирани со партнер училиштата, и има писмени извештааи , слики, за реализираните активностите. Училиштето нема интерен акт за избор на ученик на генерација , но секоја учебна година се избираат од секоја година по еден учениик на генерација на двата јазици на кој се изведува наставата во училиштето, односно вкупно 8 ученици.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици вклучувајќи и услови за запишување на ученици со посебни образовни потреби, согласно Конкурсот за запишување на учници во јавните средни училишта кој се објавува за секоја наставна година. Во училиштето за учебната 2020/2021 година вкупно биле запишани 899 ученици, за учебната 2021/2022 година вкупно биле запишани 848 ученици и за учебната 2022/2023 година вкупно запишани 817 ученици. Согласно наведените податоци, за само три години бројот на запишани ученици е во благо опаѓање,но сепак е атрактивно училиште поди смеровите и струките кои ги има како и поради нивното работење и постигнати резултати.

Училиштето го следи и евидентира осипувањето на учиниците. Во последните три години се отпишале 143 ученика и тоа поради иселување во некоја европска држава со родителите .Процедурата за премин од едно во друго училиште се почитува во целост и од спордбените анализи се забележува што најчесто од други училишта се префрлуваат во училиштето а многу мал незабележителен процент одат во друго училиште .

Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна евиденција и поседува документација, врши анализи на резултатите од советувањата и ги известува надлежните институции. Од страна на класните раководители и стручната служба се следи редовноста на учениците. Училишниот психолог и педагог во учебната 2020/2021 година во има реализирано 11 советувања за основ намален успех во учењето, има реализирано 21 советувања по основ на нередовно посетување на наставата од нив 6 групни и 11 индивидуални родителски средби а со учениците 32 индивидуални средби . Во учебната 2021/2022 година има реализирано 205 советувања на родители по основ намален успех во учењето и 70 по основ на изостаноци . Во учебната 2022/2023 година има реализирано 293 советувања на родители по основ намален успех во учењето, 88 советувања по основ на нередовно посетување на настава . Советувањата довеле до подобрување во поведениеto и успехот кај учениците.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3 Повторување на ученици

Според интерните училишни акти и анализите за успехот на учениците за последните три години нема ученици кои ја повторувале годината. Секоја учебна година учениците полагаат државна матура или завршен испит, но секоја година варира процентот на ученици кои се определуваат да полагаат државна матура или завршен испит . Од анализите со кои располага училиштето се утврди дека поголем дел од учениците се определуваат да полагаат завршен испит во однос на државната матура.

Училиштето ги запознава учениците и родителите за правото за поднесување на приговор/жалба доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на учебната година или при повторување на учебна година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за подршка и следење на планирањата за настава од страна на директорот и стручните соработници. Планирањата на наставниците глобалните, тематско-процесните се прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Истите се пишуваат и чуваат електронски и во печатена форма. Планирањата на наставниците ги содржаат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, со посебен акцент на реализација на часот од практичната настава. Во дневните планирања наставниците ги дефинираат целите на наставата. Во оперативните планирања за наставен час, наставниците планираат но делумно применуваат диференцирани цели и активности за работа со ученици со потешкотии во учењето. Дневно оперативните планирања се усогласени со тематските планирања. Во дел од планирањата на наставниците има изработени критериуми за оценување и употреба на информатичко компјутерска технологија во настава.

Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава дополнителна, додатна настава и други активности, имаат изготвено програма за истите и истата уредено се евидентира . Планирањата на наставниците се следат од стручната служба во училиштето.

За подобро да ја планираат наставата, училиштето има обезбедено учество на семинари и обуки, и воспоставена соработка со стручните лица од Центарот за стручно образование и обука и инструктивна помош на нововработените наставници при изготвување на планирањата. За наставниците – приправници училиштето има определено ментори. Менторите имаат изготвено програма за следење на напредокот во работата на наставниците- приправници и нивна подготовка за полагање на стручен испит.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности. Во склоп на распоредот на часови има и распоредот на останатите активности на додатна дополнителна, практична настава и учење преку работа кај работодавачи , слободните ученички активности и други активности.

## 3.2 Наставен процес

Најголемиот број на наставници користат разновидни форми и методи во наставата,што соодвествуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.Најголемиот број на наставници користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.

Во 10 кабинети по стручните предмети има поставено комјутери и 10 ЛЦД проектори , но нема поставено по останатите училници. Има вкупно 95 куќишта од компјутер и 122 монитори, 5 лап топи, 2 смарт табли , 10 ЛЦД подвижни проектори и 8 рутери . Во секоја од училниците има релативно добра интернет врска. Сите наставници се обучени за употреба на ИКТ и за новите образовни технологии во наставата и поголемиот дел на наставници ги употребуваат за реализација на наставните планирања.

Зададените задачи што се работат во училиште или дома се поврзани со работата на учениците за време на часот. Изборот на задачи и активности не целосно е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво

на учебниците кои им се на располагање. Наставниците ги користат расположивите ресурси и имаат различни приоди за учење и настава.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на повеќето ученици во секоја фаза на учење. Поучувањето кај поголем број на наставници е јасна и разбирлива на возраста и предзнаењата. Најголем број на наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи.

Поголемиот број на наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи доколку има таква појава.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, и истата се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во текот на учебната година од директорот или од стручните соработници. Евиденцијата од посета на часови се бележи во изготвен формулар за следење на час.

Наставата се реализира интерактивно. Учениците се активно вклучени во процесот на учење и соработуваат меѓу себе. Во наставните часови наставниците користат соодветни форми и методи кои ја зголемува активноста и интересот на учениците за време на часот. Застапена интеракцијата на релација наставник-ученик и интеракцијата ученик-ученик.

Практичната обука се реализира во добро опремени училишни кабинети и во реални работни услови во компании кои имаат потреба од стручни кадри кои се произлегуваат од обрзовните профили кои се реализираат во ова училиште.

За соработка и реализација на практичната обука/учење преку работа во текот на учебната 2023/2024 година училиштето има склучено договори со повеќе компани тоа: Киел МакедонијаДООЕЛ с. Желино, Земјоделска Задруга –Единство с. Челопек-Бревеница, ЕУРО ЗЃИМИ ДООЕЛ с.Пороj-Тетово, БОСС ЌНЈ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово ,Б.Ф.М.КОМПАНИ ДООЕЛ експорт-импорт с. Стримница-Желино , Ресторант АРЕНА ДООЕЛ Тетово ,Ресторант Арена ДООЕЛ Попова Шапка-Тетовов , како и за дуалните паралелки реализацијата за практичната настава е со компаниите: Киел Македонија ДОЕЛ-Тетово, ,,Везе Шари" ДОО-Тетово , Ресторант ТП,,Бос" Тетово, ТППН ,,Бела Мија" Тетово БМФ Компанија ДООЕЛ . Училиштето има назначен кординатор за соработката со наведените компани и има обезбедено сопствен превоз за учениците кои настава преку работа следат во компаниите.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Од разговорите со учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училишен простор е соодветно уреден. Трудовите на учениците не се изложуваат на видни места во училиштето.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен а преку содржините кои се изучуваат , пред се даваат можност за работно оспосубување во струката, а исто така имаат можност за унапредување на свеста и мотивацијата за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

Поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците се внимателни кон учениците, не ги кажуваат слабите страни на учениците пред другите ученици.

Учениците сметаат дека дел од наставниците понекогаш им даваат можност самостојно да размислуваат и да го кажаат своето мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата). Голем број ученици сметаат дека им се овозможува да работат со сопствено темпо соодветно на нивниот стил за учење и самостојна работа. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката како и во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира, потикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интереакцијата на релација ученик-ученик најчесто е застеапена при заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи од хетероген состав.

Училиштето има склучено меморандуми за соработка со соодветни компани за реализација на практичната обука која им овозможува на учениците работа во реални работни услови и истата се реализира според наставниот план и програма.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба ги детектира образовните потреби на учениците како и пречките во процесот на учење за поголемиот дел на учениците и преземат активности за нивно остварување односно нивно отстранување. По идентификација за нивните образовни потреби, стручната служба и наставниците се трудат да дадат соодветна подршка на таа категорија ученици.

За подршка на учениците со посебни образовани потреби работи иклузивен тим кој работи според индивидуален образовен план со планирани активности согласно потребите и можностите насекој од учениците со попреченост.

Поголем дел на наставниците користат различни ресурси, приоди и интерактивни техники која ја зголемуваат активноста и интересот за време на часот, со цел во процесот на поучување да им даде можност на учениците со различни способности да научат најмногу што можат. Во училиштето се организира дополнителна настава, но не во доволен обем, како и по потреба додатна настава најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци. Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека активно учествуваат во воннаставни активности и секции што ги организира училиштето. Не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците. Училиштето има систем за идентификување на талентирани и надарените ученици. Со мал број се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, односно не се работи со нив во континуитет во текот на цела година.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Има политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени.

Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување. Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Наставниците редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигања. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Застапени се инструменти и листа на аналитичко

оценување. Поретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците . Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Најголем дел од наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Голем дел од наставниците користат позитивна повратна информација, која ќе го поттикне ученикот да размислува за својата работа. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголемиот број на наставници редовно прибираат информациии за постигањата на учениците и даваат транспарентна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик. Наставниците ги оценуваат постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби согласно со целите дефинирани во индивидуалниот образовен план.

Родителите се информираат за постигнувањата на своите деца преку организирани формални и неформални и индивидуални родителски средби . Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет. Целосно и доследно се води евиденција при изрекување на педгошките мерки, а во согласност со Правилникот. Во е-дневникот редовно се евидентираат сите активности за постигањата на учениците и сите информација се достапни до родителите на учениците за оценката.

# 4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за одвивање на наставата. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедноста на учениците во училишните простории и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреди на учениците. вклучувајќи ги и кабинетите за изведување на практична настава кои се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности. . Во 2(двете) згради на училиштето има обезбедено сандачиња за прва помош кај канцелариите на професорите Училиштето располага со ПТТ врска, со 4 лини интернет мрежа, громобранска инсталација.Во училиштето има 14 хидранти и 20 ПП апарати и истите се сервисирани и атестирани од овластена фирма на 04.10.2023 год, и истиот е доставен до училиштето. Училиштето има осигурителни полиси за осигурување за објектот во А.Д. ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Полиса бр 080000086852 осигурителна компанија и истата е со важност до 16.12.2024 год. Училиштето има осигурителни полиси за осигурување за учениците од МАКЕДОНИЈА осигурителна компанија Полиса бр NEZ0385706 и истата е со важност до 06.11.2024 год.и осигурителни полиси за осигурување за вработените од CROATIA осигурителна компанија и истата е со важност до 28.02.2025 год. Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар. За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации има план за евакуација, има изведено симулации за постапување во случај на елементарна непогода-земјотрес. За безбедноста на учениците во училиштето се грижат дежурни наставници .Во училиштето има поставено видео надзор. Училиштето има изготвено програма за намалување на насилството во училиштето. Училиштето има интерни акти за постапување и заштита од природни непогоди и друг вид несреќи, и

истите се истакнати на видни места и има изведено симулации. Во училиштето има пишани документи односно има Куќен ред и Кодекс на однесување и за сите структури во училиштето во кој се дефинирани сите облици на однесување, и истите се истакнати на соодветни места. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од било кого и училиштето има механизми за справување со таквите појави. Класните раководители имаат теми за работа со содржини за заемно почитување, рамноправност правата на децата. Проектите кои се спроведуваат во училиштето влијаат за подобрување на меѓусебната доверба, запознавање, дружење и развивање на демократските односи, по било кој основ. Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето има училишна кујна,и истата е контролирана од санитарна испекција . Дел од учениците се хранат и од околните објекти за исхрана, но вработените од училиштето немаат увид во квалитетот на оваа храна што им се нуди на учениците. Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности, и за нив се обезбедува финансиска поддршка од доброволни донации.

## 4.2. Здравје

Тоалетите во училиштето во новиот дел од училишната зграда се реновирани и чисти, хигиената се одржува на добро ниво. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по завршување на секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, редовно се одржува и хортикултурно и естетски е уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. На почетокот на учебната 2023/24 година е извршена дезинфекција, дератизација дезинсекција на училишниот простор. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи и вакцинација за учениците а исто така во училиштето се вршат систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во ПЗУ "Медика Центре "со седиште во Тетово (Договор бр. 05-23/40 од 22.11.2021 година). Во училиштето се организираат предавања за заштита од заразни болести, како и превентива против можни хронични или друг и заболувања Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман, во договор со родителите.Согласно воспоставените Еко – стандарди, во училиштето спроведени се точки на акција со содржини за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, квалитет на храна, пирамида на исхрана, упатства за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето и сл.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручните соработници и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот за понатамошно образование но и за можноста нивно вработување.Училиштето планира и организира активности од таков вид во соработка со државните и приватните факултети од државата Со учениците кои имаат емоционални проблеми во континуитет се разговара со нив и нивните родители, при што советодавно се делува на учениците и на родителите. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Психологот се јавува во улога на советодавен орган за оние родители кои имаат потешкотии со однесувањето на своите деца или пак чуствуваат

немоќ во воспитното делување, соодветениот авторитет или пак не поседуваат доволно капацитет и знаење да се справат со одредени проблеми

## 4.4. Следење на напредокот

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар води е-дневник. Класните раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во, е-дневникот на паралелката , евидентни листови, и главните книги. Постои добра соработка помеѓу класните раководители, стручните соработници и директорот на училиштето. Во мал број на случаи интересот на родителите за постигањата учениците не е на задоволително ниво. Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците. Преминувањето на учениците во друго училиште, добро се спроведува. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури, при што доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

**5.Училишна клима**

**5.1Училишна клима и односи во училиштето**

Училишната клима и односите во училиштето е добра.Училиштето е препознатливо според работењето и постигнувањата на учениците во повеќе области..Односот меѓу учениците е на задоволително ниво и се базира на взаемно почитување и помагање, почитувањето меѓу учениците од ист и од различен пол, од различно етничко потекло, различен социален статус. На задоволнително ниво се и односот меѓу наставниците и учениците релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник-родител, родител-наставник, и наставник-наставник. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способности. Учелиштето посебно внимание посветува и на седумте ученици кој се инклузирани во редовнита паралелки и на учениците кои наставата ја селдат со потешкотии. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има изготвено Куќен ред и Кодекс на однесување на учениците ,наставниците ,родителите и другите вработени во училиштето . Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваат .Во училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и има распоред за дежурни наставници. Наставниците се грижат за создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности.Поведението на учениците споредбено за три години е добро. Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поедини случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, учениците активно се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишната зграда и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго. Исто така, учениците се вклучени во реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието ( МИО) во училиштето се реализира од 2013 год. со пет партнер училиштета и тоа : СОУ,,Димитар Влахов" Струмица, СОУ,,Ѓорѓи Наумов" Битола , СОУ,,Кузман Шапкарев " Битола, СОУ,,Кочо Рацин " Свети Николе, Гимназија ,,Наум Наумовски-Борче" Крушево.Секоја година училиштето учествува на образовно рандеву МАССУМ ,на ликовни и литературни активности ,хуманитарни активности ,спортски активности ,посети на културно-историски обележаји објекти со групи на ученици во мешан етнички состав. . Училиштето има формирано ученичка заедница , но таа малку придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за учениците. Ученичката зедница функционира преку вибер група. Училиштето е отворено за соработка со локалната власт,но соработката не е е на задоволително ниво. Со родителите кои го посетуваат училиштето соработката е добра. Во училиштето постои соработка меѓу вработените ,учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес

### 5.2 Промовирање на постигањата

На постигањата на учениците се посветува внимание.На наставнички и класен совет,стручни активи и родителски средби се промовират личните постигања на учениците. Училиштето има политика на поттикнување и наградување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари како и нивно наградување со пофалници за постигнатите резултати.Дел од постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди се поставени на видно место во училиштето со цел сите да бидат запознаети. Училиштето презема активности за информирање и вклучување на пошироката заедница на реализација на еколошката програма.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознати со правата на децата и можат да препознаваат случаи на нивно нарушување.Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да обезбеди еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи.Училиштето има еднаков третман кон сите ученици. Во училиштето во разни активности се вклучуваат сите ученици. Училиштето не прави разлики по ученици и по класови по социјална припадност туку сите заедно еднакво се чувствуваат во сите активности што ги организира училиштето. Поради таквиот начин на работа во учлиштето не постои меѓуетнички конфликт на ниво на училиште каде во иста смена се одвива настава на два наставни јазици,меѓутоа има поделба во одвивање на настава во двете згради на двата наставни јазици.Имено во една зграда се одвива настава на македонски наставен јазик од прва до четврта година а во другата зграда се одвива настава на албански наставен јазик,Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата , без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.Училиштето планира и реализира заеднички наставни и вонннаставни активности со хетерогени групи за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од училиштето или со други училишта.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите и со деловна заедница е добра, но соработката со локалната зедница не е на задоволително ниво.. Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители, преку Училишниот одбор. Има мал број на примери на вклученост на родителите преку организирани собирни акции-донаци со цел на подобрување на инфраструктурните услови, вклучување на работилници кои се во подршка на унапредување на воспитно образовниот процес. Соработката со родителите се реализира преку разговори со класните родители на најмалку две родителски средби во едно полугодие а има и примери на закажани индивидуални родителски средби. Родителите преку класните раководители ,класните совети , индивидуалните средби, е-дневник, и сл. редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците, успехот за нивните деца и сл.Соработка на училиштето со родителите,деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма е добра.

## 6.Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Наставата во РЦСОО„Моша Пијаде “ - Тетово се изведува во два училишни обекти кои се изградни од тврда градба приземје и еден кат од кој еден е нов објект а другиот е стар опбјект .Новиот објект датира од 1981 год година со вкупна површина од 5357 м2 а стариот објект датира од 1928 год со вкупна површина од 3328 м2 Училиштето опфаќа и 8 хектари земјиште на која површина има училишна економија:свињарска и краварска фарма ,мини млекара но која не е во функција ,1 спортска сала и 6 спортски терени. Наставата во новиот објект од училиштето се реализира во 15 училници, 8 кабинети , 1 библиотека со читална ,1 сала за свечаности ,2 лабаратории,9 работилници ,10 санитарни чвора,5 подрумски простории 1 котлара и 1 скривница. Наставата во стариот објект од училиштето се реализира во: 27 училници,2 кабинети 7 канцеларии ,9 работилници 7 санитарни чвора 10 подрумски простории.Во училиштето има современ стакленик кој не функционира. Во новиот објект има 5 канцеларии за раководниот, стручниот, административниот помошниот и техничкиот персонал на училиштето а во стариот објект има 7 простории за раководниот, стручниот, административниот помошниот и техничкиот персонал на училиштето. Училишниот двор е добро уреден.

Училиштето има план и распоред за максимално користење на расположивите просторни капацитети. Во училиштето наставата ја следат вкупно 775 ученици во 74 паралелки од кои 27 на македонски наставен јазик, и 47 паралелки на албански наставен јазик .Во однос на сместувањето и искористеност на просторот може да се констатира дека училиштето максимално ги користи расположивите капацитети за реализација на воспитно образовниот процес.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Наставните средства и материјали кои се употребуваат за реализација на наставниот процес потребно е перманентно да се обновуваат, согласно современите наставни потреби.Извесните обновувања од поново време се од разни донации и проекти во кои училиштето успешно има конкурирано како на пример ЕРАЗМУС + и УСАИД и од нив

има добиено :Центар за кариера опремен со мебел ,1 компјутер,камера ЛЦД ,ТВ , стручна литература и и неколку простории опремени со мебел.Исто така училиштето располага со следниве наставни средства и помагала: 14 модели и шеми 1 платно за проекција , 8. наставни паноа по биолиогија 13 зидни карти, 3 душеци, 1 јарец,1 маса за пинг понг ,2 отскочни даски ,2 шипка за теговии 6 тегови, 95 компјутери и 122 монитори ,20 ЛЦД проектори,2 смарт табли 2скенер и 5 лап топ компјутери.

Потребите од наставни средства и материјали секоја учебна година училиштето ги идентификува и има податоци за нивната редовна набавка и употреба. Се констатира дека по сите наставни предмети снабдувањето на учениците со учебници не задоволуваа.За одредени наставни предмети сеуште не се издадени учебници.

Од извршените анкетирања со наставниците и учениците,се констатира дека потребата за примена на ИКТ технологијата секој од нив го признава како предизвик и императив на современата настава и поголем дел од нив искажуваат спремност да ги користат..Училиштето располага со соодветни и современи средства и помагала согласно со нормативите по стручните предмети.

Во училиштето има библиотека со читална и потребата на учениците за лектирни изданија во доволна мера се ипсолнува.За работа на библиотеката нема истакнат распоред на работа.Библиотечниот фонд се обработува разчно бидејќи училиштето не е вклучено во COBISS системот и тој изнесува 13280 книги(на македонски и албански јази) и тоа :стручна литература, лектирни изданија ,белетристика,речници и енциклопедии..

Потребите на училиштето за потрошен материјал уредно и реално се констатираат но, нивното исполнување односно реалната набавка задоволува. Затоплувањето на училиштето е со сопствено парно греење на нафта.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за реализација на теоретска, практична настава, вклучувајќи ги и стручните соработници на училиштето. Наставниот кадар во најголем дел е соодветен и оспособен за работа и е целосно подпомогнат од страна на административно-техничкиот и помошниот персонал на училиштето. Наставата во училиштето ја реализираат 137 наставници од кои 99 со високо образование, 12 наставници со магистерски студии, 1 со друго образование,15 со вишо образование и 10 наставници кои се со несоодветно образование. Според полот 80 се жени и 57 се мажи, а според етничката припадност 52 се македонци и 85 наставници се албанци Според работниот стаж во воспитно образовни установи 43 наставници се до 10 години работен стаж, 44 наставници се со стаж од 11-20 години, 41 наставници се со работен стаж од 21-30 година, а 9 наставници имаат работен стаж повеќе од 31 година. Во училиштето има 6 наставници приправници на кои им е определен ментор.

Квалитетот на работата на наставниот кадар е постојан но секогаш не ги дава очекуваните резулати поради недоволната агажираност на учениците и упис на ученици со послаб успех. иако последните години се запишуваат ученици и со подобра успех. При изборот на кадарот во училиштето не е констатирана родова или друг вид на дискриминација. Наставниот кадар е редовен на работа и истиот ги почитува пропишаните работни задачи.. Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. Според стручната подготовка наставниот кадар во најголем дел е соодветен.

Наставниците активно соработуваат меѓу себе во стручните активи. Во случаи на одсуство на наставник училиштето има настојува да обезбеди соодветна замена или се врши измена на распоредот.

Во училиштето има стручна служба педагог, психолог,социолог и специјален едукатор и рехабилитатор, која им помага на наставниците во организација и реализација на наставата, следењето на постигањата на учениците како и давање на советодавна помош при справување со проблемите кои настануваат кај учениците. Стручнните соработници имаат посебна програма за работа која е во прилог на Годишната програма на училиштето.Во училиштето има седум ученици со посебни образовни потреби.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Од посетата на часови се гледа дека поголемиот дел од наставниците со точност ги идентификуваат нивните потреби за стручен и професионален развој. Реализираните обуки на наставниците се избрани соодветно на нивните потреби. Констатирано е дека во последните 3 години интензитетот на посетените обуки од страна на наставниците е во пораст. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на наставниот кадар,и има план за десиминација на стекнатото знаење.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Финансиското работење на училиштето се реализира согласно законската регулатива од оваа област. Директорот и неговите соработници перманентно ги следат можностите за стекнување на дополнителни финансиски средства, преку изготвување и учество на разни донаторски проекти .

Информациите за училишниот буџет и трошоците, на родителите им се достапни преку Советот на родители,но заинтересираноста на родителите потребно е да биде и на повисоко ниво.Книговодството на училиштето уредно се води од страна на двајца сметководители и еден благајник.. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. На состаноците на училишниот одбор има донесено Финансиски план, усвоен извештај на пописните комисии и усвоена завршна сметка. Училиштето ги известува за приходите и расходите, а планирањето и трошењето на средствата е транспарентно и исклучиво наменски. Завршната сметка се разгледува и се донесува одлука за нејзино усвојување на седниците на училишниот одбор.

Училиштето врши набавка на потребните количества на основен потрошен материјал преку распишување на тендер за набавки на канцелариски материјал, средства за одржување на хигиена, нафта и слично во согласност со Законот за јавни набавки и притоа училиштето има склучено договори со правни субјекти.

Комунални услуги ги врши Локалната власт од Општина Тетово, преку претходно одобрен финансиски план. Училиштето обезбедува финансиски средства и преку сметката за самофинансирање од адинистративни такси и надоместоци остварени од упис и полагање на испити од вонредни ученици, сопствена авто школа училишна економија:свињарска и краварска фарма.и училишна кујна и истите ги користи наменски за тековно одржување, за канцелариски материјали и нагледни средства и сл.

За финансиското работење училиштето ги информира основачот Влада на РСМакедонија и МОН преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.

## 7.Управување, раководење и креирање политика

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е составен од 12 членови и тоа 4 члена од преставници наставниците,3 члена преставници од родителите и 3 члена преставници од основачот

Влада на РСМакедонија и 1 член преставник од Министерството за образование и наука и 1 член преставник од деловната заедница кој учествува во работата на училишниот одбор, но нема право на учество при гласање и донесување на одлуките во РЦСОО„Моша Пијаде “ – Тетово.Работата на училишниот одбор е регулирана со деловник за работа но истиот е стар .

Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е добра , со остварен партнерски однос со сите структури. Членовите на училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Запознаени се со целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето и училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето. Членовите на училишниот одбор немаат посетувано обука за подобрување на работењето на Училишниот одбор иако ги знаат своите надлежности дефинирани во законот и Статутот на училиштето.

Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам. Директорот на училиштето е именуван со Решение за избор на директор донесен од основачот, од 04.08.2021 година по спроведен јавен оглас согласно законската регулатива. За својата работа директорот има креирано програма, и истата ја реализира. Фокусот на работењето на директорот е унапредување на квалитетот на наставата, континуирано обезбедување на современи нагледни сретства, мотивирање на наствниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти, афирмирање на училиштето и постигањата на учениците. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган има визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во воспитно-образованиот процес на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, ја следи работата на наставниците преку прибирање и разгледување на дневно оперативните планирања за реализација на наставен час и посета на часови, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој, успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, и воспоставува продуктивни партнерства со пошироката заедница, и други активности кои се од особено значење за средното стручно образование. Раководниот орган на училиштето е активен во реализирањето на училишните политики за меѓуетничката интеграција во образованието и младински граѓански активизам. Директорот како законски претставник на училиштето соработува со Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и наука, Бирото за развој на образование, Државниот испитен центар, приватните компани од Општина Тетово,Општина Брвеница и Општина Желино. како и со деловната заедница од поширокиот региот , и други органи на државната управа и субјекти кои се од интерес за успешното работење на училиштето.

### 7.2 Креирање на образовната политика

Целите на училиштето, како и мисијата и визијата на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната, образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето, како и со начинот на нивно остварување и подобрување и истите учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето,

учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата и за остварување на планирани активности при остварување на целите. Училиштето има договорени и пишани процедури за донесување училишни политики, и реализира активности и процедури за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување. Училиштето има развојна програма, развојните цели се конкретизирани, и се планираат активности со временска рамка односно развојната програма содржи елементи кои упатуваат на имплементација и релизација на целите. За детектирање на потребите за професионалниот равој на наставниот кадар училиштето има интерни процедури и училиштето работи според однапред изготвена програма за професионален развој со цел подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Училиштето има процедури за утврдување на потребите од обезбедување на нагледни средства или поправка на нагледните средства кои се амортизирани поради долгогодишната употреба. Исто така во план е спроведување на јавна набавка за реконструкција и рехабилитација на двете училишни згради ,машинска работилница и објектот до машинската работилница(поранешна млекара). Проценетата вредност на овој проект кој е финансиран од ИПА фондовите изнесува повеќе милиони евра во која спаѓа и опремување со нагледни средства за потребите на Регионалниот центар согласно Концепцијата за регионални центри од МОН.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- **Склучени меморандуми за соработка со голем број на компании за реализација на практичната обука во реални услови;**
- **Добро развиени процедури и активности за промовирање на струките и постигања на учениците;**
- **Училиштето е препознатливо во средината и се истакнува според работењето и постигнувањата на учениците во повеќе области;**
- **Успешно реализирање на програмата за Меѓуетничка реализација;**
- **Добра училишна клима и добри односи помеѓу сите чинители на воспитно-образовниот процес;**
- **Опременост со нагледни стредства, материјали и помагала кои придонесуваат за унапредување на квалитетот на наставата;**
- **Материјално и технички опремени кабинети по сите струки/сектори и образовни профили;**
- **Посетените обуки од страна на наставниците е во пораст;**
- **Училиштето обезбедува средства од сопствени извори;**
- **Транспарентност при трошењето на училишниот буџет и партнерски однос/соработка сите чинители на воспитно-образовниот процес во училиштето;**

## 8.2 Слаби страни

- **Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот недоволно посетуваат дополнителна настава, а исто така и додатната настава се организира нередовно;**
- **Трудовите на учениците не се изложуваат на видни места во училиштето;**
- **Училиштето нема увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од околните објекти;**
- **Не е извршен ситематски преглед на вработените во училиштето;**
- **Училиштето нема изготвено интерен акт за избор на ученик на генерацијата;**
- **Училиштето нема истакнат распоред за работното време за библиотеката;**
- **Работата на училишниот одбор е регулирана со деловник за работа но истиот е стар;**

## 8.3 Препораки

- **За учениците кои имаат потешкотии при совладување на содржините да се организира и реализира дополнителна настава, а додатната настава да се организира и реализира во соодветен обем за учениците кои се идентификувани како надарени и талентирани и кои имаат потреба од ваков вид на настава при подготовка за натпревари;**
- **Трудовите на учениците да се изложуваат на видни места во училиштето;**
- **Училиштето да обезбеди документација за увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од околните објекти на училиштето**;
- **Да се изврши ситематски преглед на вработените во училиштето;**
- **Да се истакне распоред за работното време за библиотеката;**
- **Училиштето да изготви интерен акт за избор на ученик на генерацијата;**
- **Училиштето да изготви нов деловник за работа на училишниот одбор;**

| | |
|---|---|
| **Климентина Трпчевска**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Јелена Деспениќ Кироска** , Инспектор | |
| **Ќефсере Мурсели** , Инспектор | |